Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 251//0306
13.05 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 24.04.2025 година, врз основа на примена жалба од **Жарко Чулиќ,** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА**

Текстовите со наслов **„(ВИДЕО) Кочани оддаде последна почит“; „(ВИДЕО) Штипјани се простија од петтемина загинати во пожарот во Кочани“; „(ФОТО+ВИДЕО) Илјадници луѓе на градските гробишта во Кочани, погребната церемонија е обезбедувана со полиција и редарска служба“ и „(ФОТО+ВИДЕО) Поворката од роднини, пријатели и возилата во кои се загинатите од Кочани полека се приближува кон градските гробишта“**, објавени на веб страната на 360 Степени (360stepeni.mk) на 20.03.2025 година, не отстапуваат од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ упати жалба за текстовите со наслов „(ВИДЕО) Кочани оддаде последна почит“; „(ВИДЕО) Штипјани се простија од петтемина загинати во пожарот во Кочани“; „(ФОТО+ВИДЕО) Илјадници луѓе на градските гробишта во Кочани, погребната церемонија е обезбедувана со полиција и редарска служба“ и „(ФОТО+ВИДЕО) Поворката од роднини, пријатели и возилата во кои се загинатите од Кочани полека се приближува кон градските гробишта“, објавени на веб страната на 360 Степени (360stepeni.mk) на 20.03.2025 година, при што се жали на нарушување на приватноста и на незаштитена малолетна публика.

Во жалбата е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот) и линкот од објавата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни за наводите на жалбата. Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот, во кој се отфрлаат наводите во жалбата и се нагласува дека таа е неоснована. Во одговорот, меѓу другото, се наведува:
„Во сите четири содржини, редакцијата на ‘360 степени’ строго се придржуваше до професионалните и етичките стандарди за известување од трагедии и чувствителни настани. Снимањето и фотографирањето беа извршени од пооддалечено место, согласно предвидениот протокол, токму за да не се повредат чувствата на семејствата и да се заштити приватноста на присутните лица. Во објавените материјали не се открива идентитетот на малолетни лица, ниту се прикажуваат слики или видеа кои би можеле да ги идентификуваат или да ја нарушат нивната приватност. Новинарската екипа што известуваше од настанот се придржуваше до сите упатства од организаторите, полицијата и редарската служба, со цел да се почитуваат достоинството и приватноста на сите присутни“.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстовите со наслов „(ВИДЕО) Кочани оддаде последна почит“; „(ВИДЕО) Штипјани се простија од петтемина загинати во пожарот во Кочани“; „(ФОТО+ВИДЕО) Илјадници луѓе на градските гробишта во Кочани, погребната церемонија е обезбедувана со полиција и редарска служба“ и „(ФОТО+ВИДЕО) Поворката од роднини,

пријатели и возилата во кои се загинатите од Кочани полека се приближува кон градските гробишта“, објавени на веб страната на 360 Степени (360stepeni.mk) на 20.03.2025 година, не отстапуваат од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со жалбата и утврди дека станува збор за текстови проследени со фотографии и видеа што се во рамките на таканаречено дневно “информирање во низа“ за погребот на настраданите во трагедијата во дискотеката Пулс на 16-ти март во Кочани.

Комисијата констатира дека се работи за трагедија што предизвика длабока колективна и лична болка и тага поради што овој настан беше во фокусот не само на домашната, туку и на светската јавност. Ваквите настани, поради нивниот трагичен карактер и општествено значење, природно предизвикуваат широк јавен интерес, што го оправдува медиумското покривање кое мора да биде внимателно и соодветно насочено кон изразување почит кон жртвите и сочувство на нивните најблиски.

По прегледот на оспорените содржини, Комисијата целосно се согласи со објаснувањето на редакцијата дека „во известувањето беше нагласена траорната атмосфера и почитта што ја оддаваа граѓаните, без сензационализам или навлегување во интимниот простор на семејствата“, како и другите појаснувања содржани во одговорот на жалбата.

Врз основа на тоа, Комисијата донесе одлука дека нема прекршување на етичките стандарди во известувањето и не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинари на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Димитар Мицев, Зериета Јајага и Жана Божиновска.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595